Забелешки за Предлогот на Законот за Градење

Почитувани,

***Во однос на Член 55 став 2 и член 56 став 4 од Предлог Закон за градење ги предлагаме следниве измени со цел да се спречи маргинализирање на малите компании од областа кои долгогодишно стопанисуваат:***

| Член | Став | Текст во Нацрт-текстот | Текст со предлог измена |
|---|---|---|---|
| 55 | Став 2 услов 2 | (2) За да ги врши дејностите односно стручните работи на изградбата на градби и тоа: проектирањето, ревизијата на проекти, надзорот над градењето, градењето градби односно изведувањето на објекти, управување со изградбата, раководење со градилиштето, испитување на процеси и делови од градбата и претходни истражувања за проектирањето на градбата, за чиешто вршење физичките лица мораат да имаат овластување, правното лице мора да ги исполнува следните услови: 2. да има вработено во редовен работен однос најмалку еден овластен инженер на полно работно време за секој вид на работи од изградбата, од секоја од соодветните струки и за градби од соодветен степен на сложеност, | (2) За да ги врши дејностите односно стручните работи и стручните услуги за изградбата на градби и тоа: проектирањето, ревизијата на проекти, надзорот над градењето, градењето градби односно изведувањето на објекти, управување со изградбата, раководење со градилиштето, испитување на процеси и делови од градбата и претходни истражувања за проектирањето на градбата, за чиешто вршење физичките лица мораат да имаат овластување, правното лице мора да ги исполнува следните услови: 2. да има вработено во редовен работен однос најмалку еден овластен инженер на полно работно време за еден вид на работи од изградбата, односно една од соодветните струки и за градби од соодветен степен на сложеност, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 56 | Став 4 | (4) За да ги врши дејностите односно работите на изградбата на градби од државно значење со повисок степен на сложеност, правното лице покрај поседувањето на соодветна лиценца А, мора да има вработено во редовен работен однос на полно работно време најмалку по еден овластен инженер од сите соодветни струки што се релевантни за вршењето на работите од изградба од соодветнаата класа и категорија на градба, кои поседуваат овластување А, за што доказите задолжително му се доставуваат на договорниот односно надлежниот орган. | (4) За да ги врши дејностите односно услугите и работите за изградбата на градби од државно значење со повисок степен на сложеност, правното лице покрај поседувањето на соодветна лиценца А, мора да има вработено или ангажирано најмалку по еден овластен инженер од сите соодветни струки што се релевантни за вршењето на работите од изградба од соодветната категорија на градба, кои поседуваат овластување А. |

***Причините се следни:***

1. Задожително вработување на полно работно време на најмалку еден овластен инженер од сите соодветни струки ја намалува позитивната конкуренција на фирмите, а особено што не секогаш е соодветен односот 1архитект, 1градежен, 1електро, 1машински инженер. Тоа треба да се остави на договорниот орган да го побара при секоја потреба од ваква набавка. Не е јасно зошто е потребно да бидат вработени на полно работно време, ако фирмата нема потреба од таков кадар со полна работна ангажираност;
2. Во услови кога се одлева младиот кадар од државата, со овој предлог закон, ситуацијата на пазарот на труд дополнително се отежнува со одземање на можноста за работа/егзистенција на мали фирми кои поседуваат А лиценца за проектирање повеќе од 15 години, и се профилирани да работат на проекти за објекти од А категорија, со работно искуство од 30 години во областа на проектирањето. Тие фирми не можат да си дозволат да вработат инженери од наведените профили (А, Г, Е, Т) од повеќе причини.
3. На пазарот нема слободни овластени инженери од овие струки, што може да го проверите во Агенцијата за вработување и пред донесување на ваков закон потребна е и анализа пред менување на досегашните услови како на пазарот на трудот така и проценка и оцена на стручните кадри во фелата;
4. Не сите понудени проекти се предвидени за ангажман на сите видови на инженери, односно тоа би значело дека не постои можност да се обезбеди во континуитет работа за сите фази, а со тоа и плата за вработените;
5. Доколку измената во законот се предлага за да се намали штетата која може да ја предизвикаат “недоволно” разработените проекти во текот на изведбата, не е во неекипираноста на “малите” фирми, односно напротив и малите фирми имаат експерти а се слободни при одлучувањето и изборот на надворешни експерти при работата на различни проекти; Со други зборови еден

проект не е производна лента па да може да знаеме колку стручни лица и од кои се области треба да бидат ангажирани. Со вакви законски решенија апсолутно се влага во конфликт и со законот за работни односи каде е дозволено вработување и на неполно работно време со што го изискува динамичниот пазар на труд, односно истото е поволно и за самииот работник (инженер).

6. Постои контрадикторност во однос на член 56 став 3 услов 2 кој гласи: “да има вработено во редовен работен однос најмалку еден овластен инженер што поседува овластување А за вршење на работите за коишто се бара лиценцата”. Ова значи дека фирмата може да обезбеди лиценца А со еден овластен инженер од една струка но нема да може да ја врши дејноста доколку нема вработени со полно работно време минимум 4 овластени инженери од 4 различни струки.
7. Зошто во Закон за градење се вклучуваат задолженија за договорни органи, кога за Јавните набавки има друг Закон и овој член е спротивен со Законот за јавни набавки во кој е дефинирано дека ангажираните лица не мора да се вработени туку може да бидат ангажирани со договор на дело, што претставува послободна размена на знаењето и поголеми пазарни можности за двете страни.
8. За градбите од Чл. 3, став (5) не е дефинирано дали се од државно или локално значење, односно не се класифицирани и категоризирани, па согласно тоа не е јасно кој орган е надлежен за издавање акти за овие градби.
9. Дали е изготвен Правилник за толеранција на грешка во градењето спомнат во Чл.67 став (7) и ако не, како би се постапувало со проектите до неговото донесување?
10. Се поставува прашање, кои кадровски услови Органите од Чл.85 став (1) треба да ги обезбедат, имајќи предвид дека тој кадар ќе издава акти на инженери кои треба да имаат работно искуство од 2 години пред да го добијат своето прво овластување со кое не ќе можат да се потпишуваат уште следните пет години? Дали тој кадар ќе треба да има барем двојно поголемо искуство?

**Кочење на процесите заради несоодветни подзаконски акти**

Потребно е Правилникот да се донесе паралелно со Законот, односно Законот да почне да се применува откако ќе биде донесена подзаконската регулатива во рок од 6 месеци. Причина: Во недостаток на подзаконска регулатива од тековен Закон во досегашната пракса сме се соочувале со многу недостатоци, погрешни толкувања и субјективни примени.

**Финансиски потешкотии за малите фирми** кои веќе поседуваат Лиценци за извршување на дејности во областа:

-зголемени трошоци за нови лиценци, а веќе еднаш ги платиле лиценците кои се важечки;

-отежнувачки барања за вработување на нови инженери на полно работно време или трансформација на начинот на остварување на правото на вработување на стручни лица на дополнително работно време.

23.11.2023

За еснафот на здружени проектантски бироа

Biljana Petrova

1. ЕСПЕРАНЦА ДООЕЛ Битола
2. КВАДАР ДОО Скопје
3. ЈОРД ДООЕЛ Скопје
4. ГЕОМАП ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје
5. АРХИПУНКТ ДОО Скопје
6. МЕТРОСТУДИО ДООЕЛ Скопје
7. КУЛОН ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
8. ИП ПРАКТИКА ДООЕЛ Скопје
9. БАРС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
10. МЕГАРОН ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје
11. СТУДИО ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп
12. СТУДИО А ДООЕЛ Скопје